# Вежба 1

1. Кои елементи во Word можат да бидат претставени во боја
   а) само графика
   б) само текстот
   в) сите елементи
   г) сите елементи, но само ако имаш принтер во боја

2. Сте отвориле постоечки документ, сте извршиле промени и сте го зачувале со наредбата *Save As* под друго име. Сега:
   а) имате само еден документ со ново име
   б) имате само еден документ со старо име.
   в) имате два различни документи со различни имиња.
   г) имате два идентични документи со различни имиња.

3. Кое копче од тастатурата го притискаме за крај на еден и почеток на друг пасус?

_________________________________

4. Наставничката им дала на учениците текст од еден пасус. Елена го искуцала целиот текст без да притиска Ентер, додека Милена го искуцала текстот при тоа на крајот на секој ред притискала Ентер. Која од нив правилно го искуцала текстот?
   а) Милена
   б) Елена
   в) Ниту една од нив
   г) и двете

5. Копчето Delete ги брише знаците кои се наоѓаат:
   а) десно од покажувачот
   б) лево од покажувачот
   в) на почетокот на редот
   г) на крајот на редот

6. Дополни:

   __________ се селектира со двоклик на него. Со притискање на копчето **B** текстот ќе се направи _____________________.

7. Ана воочува дека во еден пасус двапати ја напишала истата реченица. Кое копче на тастатурата треба да го употреби за да ја поправи својата грешка?
   а) Insert.
   б) Delete.
   в) Home.
   г) End

8.




Измена на ознаките пред зборовите, како што е прикажано во пример 2, може да се направи со избор на:
   а) алатката за знаци (Bullets)
   б) специјални знаци
   в) алатка за набројување (Numbering)
   г) специјални ефекти

9. Со која комбинација на тастери преминуваме од кирилична во латинична поддршка на тастатурата:
   а)Alt и Shift
   б)Ctrl и Shift
   в)Shift и Enter
   г)Alt и Ctrl

LIVEWORKSHEETS